# И З В Е Ш Т А Ј
## за работењето на Управниот одбор на Аутомакедонија АД Скопје за деловната 2024 година

Согласно одредбите од Законот за трговските друштва и Статутот на друштвото, Управниот одбор секоја година поднесува Извештај за својата работа до Собранието на акционерите на Аутомакедонија АД Скопје.

Управниот одбор, како орган со најшироки овластувања во управувањето на Друштвото, односно во вршењето на сите работи поврзани со водењето на работите и на тековните активности, ја извршуваше својата функција и задачи во создавање на услови за законито, рентабилно и економично работење на Друштвото.

Во текот на 2024 година, Управниот одбор во континуитет ја следеше и насочуваше работата, одржуваше редовни седници на кои беа разгледувани сите известувања и податоци што се однесуваа на редовното работење на друштвото : извештаи за финансиското работење, состојби на побарувања и обврски во земјата и странство, трошоците на работењето, расправаше за прашања од тековното работење и во согласност со тоа донесуваше соодветни одлуки, препораки, заклучоци и насоки за остварување на планските задачи и решавање на тековните прашања.

***<u>Информација за донесени одлуки за извештајниот период:</u>***

Во извештајниот период Управниот одбор своите седници ги одржуваше дел по електронски пат, дел со физичко присуство.

На одржаните седници Управниот одбор ги разгледуваше и расправаше за сите значајни прашања од тековното работење а особен акцент посветуваше на разгледување на финансиските извештаи.

Содржински одлуките се однесуваа на прашања од тековното работење, ги издвојуваме следниве :

- Усвојување на извештајот од Централната пописна комисија за извршениот попис на средствата и изворите на средствата за Аутомакедонија АД Скопје, извештаите на пописните комисии на АМ ЦЕРТ ДООЕЛ Скопје, СИЦ АМ ДООЕЛ

Битола, со состојби како во извештаите на пописните комисии и усвојување на предлозите за отпис на побарувања, со состојба 31.12.2023,

- Усвојување на финансиски извештаи , Годишниот извештај за работењето како и резултатите за Годишната сметка од работењето на Аутомакедонија АД Скопје,за деловната 2023година на Аутомакедонија АД Скопје, ги разгледа и усвои Годишните сметки на фирмите керки, на АМ ЦЕРТ ДООЕЛ Скопје,СИЦ АМ ДООЕЛ Битолаи АУТО 1РЕНТ ДООЕЛ Скопје, ги разгледа и постигнатите резултатите на АМ БРОКЕР АД Скопје за 2023 година.
- Разгледување на материјали по точките од дневниот ред за XXVII-та седница на Собранието на акционери на Аутомакедонија АД Скопје, одржана на 27.05.2024година.
- Управниот одбор го разгледа и усвои Деловниот план за работење на Аутомакедонија АД Скопје за 2024 година.
- Донесе одлука за усвојување на бизнис план за електрични возила.
- Донесе одлука за купопродажба на хартии од вредност на Осигурителното брокерско друштво АМ Брокер АД Скопје.
- Донесе Одлука за основање на нова подружница – Аутомакедонија АД - финансиски консалтинг Скопје.

Управниот одбор во остварување на обврските кон акционерите, чии интереси примарно ги претставува и во остварување на обврските кон останатите вработени, обезбеди компетентен менаџмент, адекватни планови и обезбеди вршење на работни активности за остварување на утврдената деловна политика и за тековната 2025 година.

Членовите на Управниот одбор, овластувањата што им се дадени со ЗТД и со статутот на друштвото , ги вршеа во интерес на друштвото и во интерес на сите акционери со внимание на уреден и совесен трговец.

Управниот одбор по анализа на сите елементи од работењето на компанијата, заклучи дека се постигнатите позитивни резултати во 2024 година.

Според претходно изнесеното, се предлага Собранието на акционери на Аутомакедонија да го усвои Извештајот за работењето и одобри работењето на Управниот одбор на Аутомакедонија АД Скопје за 2024 година.

**АУТОМАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ**
Управен одбор

Јане Јаневски, Претседател, с.р.